# „Нема ‚адва‘, нема суеверие и ми се допаѓа ‚Фел‘: А што е ‚фел‘, го прашале, а тој одговорил: ‚Убавиот збор.‘“

Од Енес бин Малик, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Нема ‚адва‘, нема суеверие и ми се допаѓа ‚Фел‘: А што е ‚фел‘, го прашале, а тој одговорил: ‚Убавиот збор.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известува дека „адва“, верувањето кое било присутно кај предисламските Арапи дека болеста може сама по себе да помине од еден организам на друг, без Аллаховата одредба, е неисправна. Суеверието е забрането, без оглед дали е тоа кобење со нешто што се слуша или гледа, или се одредува преку птици, бројки, денови, лица со хендикеп, животни и слично. Во хадис се спомнува (тијере) кое доаѓа од зборот тајр, што значи птица, предисламските Арапи имале широко распространето суеверие засновано на птиците. Арапите кога сакале да започнат некоја работа, било да е патување, трговија и слично пуштале птица да полета. Доколку птицата би полетала надесно, тоа би го сметале за добар знак и одлучувале да го направат тоа што го намериле. Но, доколку таа би полетала лево, тогаш го сметале за лош предзнак и не би го направиле тоа што го намерувале. Потоа Пратеникот ни кажа дека му се допаѓа „ф‘ел“, а тоа е чувство на среќа и оптимизам кое се добива кога ќе слушне добар збор што, дополнително, го насочува да има убаво мислење за својот Господар.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3422